Врз основа на член 49 став (1) и член 58 од Законот за организација и работа на органите на државната управа(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), на предлог на директорот на Педагошката служба, министерот за образование и наука донесе

# ПРОЦЕДУРА
## За начинот на спроведување на постапката за одобрување на учебници по странски јазик

### Предмет
### Член 1

Со оваа процедура се пропишува начинот на одобрување на учебници по странски преку Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик (во натамошниот текст: Јавен повик) и истата задолжително се применува од страна на сите вработени во Педагошката служба и на членовите на Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик вклучени во постапката за одобрување на учебници по сите странски јазици кои се изучуваат во училиштата.

### Започнување на постапката
### Член 2

Постапката за одобрување на учебници започнува со објавување на Јавен повик на интернет страницата на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството).

Директорот на Педагошката служба е должен да го објави Јавниот повик кога од Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), ќе добие нови наставни планови и програми или наставни планови и програми во кои е извршено изменување или дополнување на повеќе од 30% од нивната содржина.

Рокот за пријавување на Јавниот повик не може да биде пократок од десет дена ниту подолг од три месеци, а истиот го утврдува директорот на Педагошката служба.

При определување на рокот на Јавниот повик, директорот се раководи од потребата за навремено обезбедување на учебниците во основното и средното образование.

### Пријава на Јавниот повик
### Член 3

На јавниот повик, може да се јави издавач од друга држава во која е регистриран за издавачка дејност, преку законски застапник во Република Северна Македонија, со најмногу еден учебник за одделение/година за еден наставен предмет за странски јазик.

Законскиот застапник на странскиот издавач до Педагошката служба, задолжително доставува:

- назив на странскиот издавач и законскиот застапник на странскиот издавач,
- доказ за регистрирана издавачка дејност на законскиот застапник на странскиот издавач од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постар од три месеци,
- изјава од странскиот издавач дека е регистриран за издавачка дејност заверена на нотар и преведена од овластен судски преведувач, ако земјата во која е регистриран странскиот издавач не ги издава документите утврдени во јавниот повик, Педагошката служба прифаќа изјава што странскиот издавач ја заверува кај надлежен орган во државата во која е регистриран,
- овластување за застапништво на законскиот застапник во Република Северна Македонија од странскиот издавач, заверено на нотар и преведено од овластен судски преведувач,
- договор склучен во државата на странскиот издавач, помеѓу овластениот законски застапник и странскиот издавач дека одобрениот учебник ќе го обезбеди и дистрибуира до важноста на решението за одобрување за употреба на учебник по странски јазик, заверен на нотар и преведен од овластен судски преведувач и
- учебникот по странски јазици во пет печатени примероци и еден примерок во електронска форма.

Заради обезбедување на поголема објективност и транспарентност на процесот на рецензија и одобрување на учебниците, во Јавниот повик задолжително се наведува дека издавачите со документите од ставот 2 на овој член треба приложат и потпишана изјава дека се согласни по завршување на постапката по Јавниот повик и донесување на одлуките за одобрување/неодобрување на учебници или за прекин на постапката, сите документи да бидат јавно објавени, како и еден примерок на сите документи скенирани во електронска форма на УСБ стик.

Во постапката за одобрување на учебници преку Јавен повик формално се разгледуваат документи од став 2 на овој член, а скенираните документи се само заради нивно објавување.

При јавно објавување на документите од ставот 3 на овој член задолжително се почитуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

**Судир на интереси**
**Член 4**

Во постапката за одобрување на учебници по странски јазик нема да учествува лице, било како административен службеник или рецензент доколку настане некоја од следните ситуации:

- службеното лице има непосреден или посреден личен интерес во конкретниот предмет;
- службеното лице со странката или со застапникот на странката е роднина по крв во права линија или роднина по крв во странична линија заклучно до четврти степен, брачен другар или партнер од вонбрачна заедница, или роднина по брачниот другар заклучно до втор степен, дури и тогаш кога брачната односно вонбрачната заедница престанала;

- службеното лице со странката или со застапникот или полномошникот на странката е во однос на старател, посвоител, посвоеник или хранител;
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 2 и 3 од овој став учествувало во постапката како странка, сведок, вештак, адвокат или застапник на странката;
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 1 и 2 од овој став имаат непосреден или посреден интерес во предмет поврзан со конкретниот предмет;
- поведена е судска постапка помеѓу странките и службеното лице или лицата наведени во алинеите 2 и 3 од овој став;
- службеното лице или лицата наведени во алинеите 2 и 3 од овој став се должници или доверители на странките;
- службеното лице остварува надоместок од странката или е член на управниот одбор, надзорниот одбор или слично тело на странката или
- службеното лице или лицата наведени во алиениет 1 и 2 од овој став имаат примено подароци од странките пред или по поведувањето на управната постапка.

Во случаите од ставот 1 на овој член, службеното лице е должно веднаш да побара изземање од постапката, за оние учебници и во оној дел од постапката во кој има судир на интереси.

**Административна проверка на документацијата**
**Член 5**

За проверка на документацијата од членот 3 од оваа Процедура, Министерот за образование и наука во рок од седум дена по денот на завршување на Јавниот повик за одобрување учебник по странски јазик, формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик (во натамошниот текст: Комисијата за проверка), од редот на вработените административни службеници во Министерството.

Комисијата за проверка е составена од пет члена, од кои еден е претседател и четворица членови на комисијата.

Стручно административните работи за Комисијата за проверка ги врши Педагошката служба, која исто така е одговорна и за формирање на Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик поради што вработени во Педагошката служба не може да бидат членови на Комисијата од ставот 1 на овој член.

Комисијата за проверка е должна да ги разгледа пристигнатите барања, во рок кој не може да биде подолг од 30 работни дена од денот на формирањето на комисијата, за што е потребно да достави Извештај до директорот на Педагошка служба и со записник да ги врати учебниците со барањата за одобрување учебник по странски јазик и целокупната документација.Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за проверка завршува со поднесувањето на Извештај за работа на комисијата до директорот на Педагошката служба.

Заради економичност и ефикасност на постапката министерот, со решението од ставот 1 на овој член ја делегира надлежноста за преземање на сите процесни дејствија во делот на проверка на документацијата.

Сите некомплетни барања, во кои недостасува документација од Член 3, ставови 2 и 3 на оваа Процедура, Комисијата за проверка ги отфрла со Извештајот за работа.

**Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик**
**Член 6**

Директорот на Педагошка служба од редот на вработените административни службеници во Педагошката служба, во рок од три дена по завршувањето на Јавниот повик, со решение формира комисија за избор на рецензенти, на чиј предлог по случаен избор се избираат тројца рецензенти од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет, за членови на Комисија за стручно вреднување на учебниците по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, се состои од:

- двајца рецензенти наставници од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава и
- еден рецензент наставник од основно, односно средно училиште соодветен за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава.

По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку нема доволен број на рецензенти превидени во ставот (2) алинеја 1 на овој член, Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, е составена од:

- еден рецензент наставник од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава и
- двајца рецензенти наставници од основно, односно средно училиште соодветни за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку десет години работно искуство во настава.

Директорот со Решението од ставот 1 на овој член определува кој ќе биде претседател на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик.

Претседателот и членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, пред започнување со работа потпишуваат изјава по кривична и материјална одговорност дека ги исполнуваат условите од законот за членови на Комисијата.

Доколку претседателот или некој од членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик одбие да ја потпише изјавата од ставот 5 на оваа Процедура ќе биде заменет со нов претседател или член.

Доколку еден член од Рецензентската комисија се откаже, а останатите двајца имаат идентично рецензентски мислење, постапката продолжува, а по избор на трет член на истиот му се даваат ракописите и позитивните мислења од Бирото/Центарот, заедно со рецензентското мислење на двата члена, со кое тој може да се согласи или да даде издвоено мислење.

Доколку еден член од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик се откаже, а останатите двајца имаат различни рецензентски

мислења, се избира трет член на кој му се даваат ракописите и позитивните мислења од Бирото/Центарот, како и мислењата од останатите два члена.

Членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик кои во текот на постапката ќе се повлечат од комисијата, не може да бидат избрани за членови на нова Рецензентска комисија во следните 2 години.

Претседателот и членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик кои во текот на постапката ќе се повлечат од комисијата, не може да бидат избрани за претседател или членови на нова Рецензентска комисија во следните 2 години.

**Стручно вреднување**
**Член 7**

Педагошката служба учебниците по странски јазици за кои е доставен Извештај од Комисијата за проверка ги предава на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик со записник за примопредавање, а истовремено ги доставува учебниците и до Бирото.

Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик, во рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик, врши стручно вреднување на учебникот, согласно Методологијата за вреднување на учебник за што изготвува стручно мислење кое го доставува до директорот на Педагошка служба.

Бирото, во рок од 14 дена од денот на добивањето на учебници по странски јазик, врши стручно вреднување на учебникот, согласно со наставната програма за соодветниот странски јазик, за што изготвуваат стручно мислење, кое го доставуваат до директорот на Педагошката служба.

Претседателот и членовите од комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик самостојно со пенкало ја пополнува Методологијата за вреднување на учебник за секој учебник по странски јазик поединечно.

На Методологијата за вреднување на учебник се пишува називот на учебникот по странски јазик, одделението односно година, авторот/ите на учебникот името и презимето на претседателот или членот на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик. Претседателот и членовите не смеат да вршат корекции во Методологијата за вреднување на учебник.

Одлуките на комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. Стручното мислење се потпишува од претседателот и членовите на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик и во два примерока се доставува до директорот на Педагошката служба заедно со обрасците за индивидуално и финално вреднување и учебниците.

Во стручното мислење се наведува предметот и одделението/годината, за кои се однесува учебникот, насловот на учебникот, име и презиме на авторот/ите, издавачката куќа, како и образложено мислење за причините за одобрување или неодобрување на учебникот. Во завршниот дел на стручното мислење се наведува учебникот по странски јазик за кој Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик предлага да се даде одобрување за употреба.

Сите стручни мислења кои нема да бидат подготвени согласно ставот 7 на овој член, односно нема да биде експлицитно наведено дали се за „одобрување“ или за „неодобрување“, ќе се сметаат како мислења за неодобрување.

**Решение за одобрување/неодобрување**
**Член 8**

Директорот на Педагошката служба, врз основа на стручното мислење со предлогот за одобрување од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик и позитивно стручно мислење од Бирото, донесува решение за одобрување/неодобрување за употреба на учебник по странски јазик.

Доколку мнозинството членови на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик и Бирото дале мислење за одобрување, директорот носи решение за одобрување, а доколку мнозинството членови на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик или Бирото дале мислење за неодобрување директорот носи решение за неодобрување.

Решението од ставот 1 на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за одобрување /неодобрување од ставот 1 на овој член, издавачот од друга држава во која е регистриран за издавачка дејност, преку законскиот застапник во Република Северна Македонија, може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Жалбата, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По конечност на одлуката за одобрување и употреба на учебникот, Педагошката служба одобрениот учебник го внесува во Каталогот на одобрени учебници.

Ако на јавниот повик не се пријави ниту еден странски издавач, се објавува нов Јавен повик, односно јавни повици.

Доколку Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик има предлог за одобрување на учебникот по странски јазик, но нема позитивно стручно мислење од Бирото, постапката се прекинува и се распишува нов Јавен повик/повици.

**Запирање на постапката**
**Член 9**

Педагошката служба може во секое време со решение да ја запре постапката за одобрување на учебник по странски јазик.

Во случаите од став 1 Педагошката служба може да започне нова постапка согласно потребите.

Против решението од став 1 на овој член е допуштена посебна жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен.

**Постапка по жалба**
**Член 10**

Во текот на рокот за жалба Решението за одобрување и употреба на учебник или Решението за неодобрување на учебник на директорот на Педагошката служба не може да се изврши.

Ако жалбата е испратена непосредно до Педагошката служба, директорот на Педагошката служба во рок од седум дена ќе испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.

Недопуштената, ненавремената или од неовластено лице изјавената жалба директорот на Педагошката служба ќе ја отфрли со решение, за што е должен во рок од седум дена да ја извести Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен.

Против решението со кое е отфрлена жалбата, странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Кога директорот на Педагошката служба ќе утврди дека жалбата е допуштена и потполно оправдана, тој може да го замени решението за одобрување/неодобрување на учебник со ново решение и во рок од седум дена од приемот на жалбата да го достави новото решение до подносителот на жалбата и до Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен. Против новото решение странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Кога директорот на Педагошката служба ќе утврди дека жалбата е допуштена, а не е потполно оправдана, без одлагање, а најдоцна во рок од седум дена, ќе ја испрати жалбата до Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен заедно со сите списи од предметот и одговор на жалбата.

Решенијата на Државната комисија за одлучување во управна постапка, инспекциски надзор и постапка од работен однос во втор степен се задолжителни.

**Трошоци на постапката**
**Член 11**

Доколку странките и по укажување за достапноста на документите на веб страната инсистираат за увид и копирање, за тоа треба да ги надоместат сите

трошоци, кои вклучуваат ангажирање на вработените во Педагошката служба по час на ангажман, како и реалните трошоци за копирање, на жиро сметка на Министерството за образование и наука.

Трошоците од ставот 1 на овој член директорот на Педагошката служба ги определува со решението за назначување на административен службеник одговорен за увид, согласно неговото звање.

**Влегување во сила**

**Член 12**

Оваа процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување и објавување на веб страната на Министерството.

Процедурата е задолжителна за сите лица кои ја спроведуваат постапката за одобрување на учебници.

26-1238/1

27-11-2025 2025

Скопје

Министерка за образование и наука

проф. д-р Весна Јаневска

**ПРИЛОГ – Јавен повик**

Врз основа на член 18 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - Педагошка служба, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
### за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за одделение/година __________________ образование

**I.Предмет на јавниот повик:**

Доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за ____________ образование, за следните наставни предмети:

**1.** __________________________ за ___________________________;
**2.** __________________________ за ___________________________;
**3.** __________________________ за ___________________________ и
**4.** __________________________ за ___________________________.

Барање за одобрување учебник по странски јазик може да поднесе издавач од друга држава во која е регистриран за издавачка дејност, преку законски застапник во Република Северна Македонија, со најмногу еден учебник за година за еден наставен предмет за странски јазик.

**II. Елементи на јавниот повик:**

Законскиот застапник на странскиот издавач до Педагошката служба, задолжително доставува:

1. Барање за одобрување учебник по странски јазик за еден наставен предмет поединечно;
2. Назив на странскиот издавач и законскиот застапник на странскиот издавач;
3. Доказ за регистрирана издавачка дејност на законскиот застапник на странскиот издавач од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постар од три месеци;
4. Изјава од странскиот издавач дека е регистриран за издавачка дејност заверена на нотар и преведена од овластен судски преведувач;
5. Ако земјата во која е регистриран странскиот издавач не ги издава документите утврдени во овој јавен повик Педагошката служба прифаќа изјава што странскиот издавач ја заверува кај надлежен орган во државата во која е регистриран;
6. Овластување за застапништво на законскиот застапник во Република Северна Македонија од странскиот издавач, заверено на нотар и преведено од овластен судски преведувач;

7. Договор склучен во државата на странскиот издавач, помеѓу овластениот законски застапник и странскиот издавач дека одобрениот учебник ќе го обезбеди и дистрибуира до важноста на решението од Членот 19 став (10) од Законот за учебници во основно и средно образование, заверен на нотар и преведен од овластен судски преведувач;
8. Пет примероци од учебникот по странски јазик, во печатена форма и еден примерок во електронска форма, без дополнителни работни материјали.
9. Изјава од издавачот дека е согласен целокупната документација да биде јавно објавена согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Целокупната документација од оваа точка издавачите треба да ја доставаат и во електронска форма (ЦД или УСБ) стик, кој ќе биде ставен во затвореното плико.

Правна вредност ќе има оригиналната документација во пликото.

Обврските на законскиот застапник на странскиот издавач се утврдени во член 21 од Законот за учебници во основно и средно образование.

**III. Рок за доставување на барањата за одобрување учебник по странски јазик:**

Рокот за доставување на барањата за одобрување учебници по странски јазици е заклучно со 25.12.2025 година.

Заинтересираните издавачи може да ги превземат наставните програми и Концепцијата за изработка на учебникот од веб страната на Бирото за развој на образованието www.bro.gov.mk.

Барањата кои нема да бидат доставени во утврдениот рок и кои нема да достават комплетна документација согласно јавниот повик нема да бидат разгледувани.

Барањата за одобрување учебник по странски јазик да се достават на следната адреса:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - ПЕДАГОШКА СЛУЖБА ул. ,,Св.Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје.

**ДИРЕКТОР,**

____________________

Подготвил:
Контролирал:
Одобрил:

**ПРИЛОГ – Решение за формирање на Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик**

**Бр.** ________________

**Датум** ______________

Врз основа на член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), а согласно Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за ________ одделение/година ______ образование бр. ____________ година, објавен од страна на Педагошката служба на интернет страницата на Министерството за образование и наука на ден _________година и Решението за изменување на Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за ____ година ___________образование бр. _____________ година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука на ден ________ година, министерката за образование и наука, донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***

***за формирање на Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик***

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик (во натамошниот текст: Комисијата за проверка), по објавениот Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за ______ одделение/година __________ образование бр. _________ од __________ година, во состав:
    - ________________ - претседател;
    - ________________- член;
    - ________________- член;
    - ________________- член и
    - ________________- член.
2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Комисијата за проверка од точка 1 на ова Решение, да изврши проверка на документацијата доставена до Педагошката служба од страна на законскиот застапник на странскиот издавач согласно член 18 став (4) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25).
3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Комисијата за проверка од точка 1 на ова Решение, да ги разгледа пристигнатите барања за одобрување учебник по странски јазик по

објавениот Јавен повик и во рок од 10 (десет) работни дена од денот на формирањето на Комисијата за проверка, да поднесе извештај за својата работа до Директорот на Педагошката служба.

4. Се овластува Комисијата за проверка од точка 1 на ова Решение да ги презема сите управни дејствија во постапката согласно Законот за општата управна постапка.
5. Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за проверка завршува со поднесувањето на извештајот од точка 3 на ова Решение, до директорот на Педагошката служба.
6. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Министер/ка за образование и наука,**

________________________

Доставено до:
- Претседател/членови
- Писарница на Министерството

**ПРИЛОГ – Решение за формирање на Комисија за избор на рецензенти**

**Бр. ________________**

**Датум, ______________**

Врз основа на член 19став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), а согласно Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на деветгодишно основно образование бр. _________ од _________ година, објавени од страна на Педагошката служба на интернет страницата на Министерството за образование и наука на ден ______________ година, директорот на Педагошката служба, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за формирање на Комисија за избор на рецензенти по објавениот Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на ___________________ образование бр_______ од ________ година***

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за избор на рецензенти по објавениот Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на ____ __________________________ бр. __________ од _________ година (во натамошниот текст: Комисијата), во состав:
   - _______________ - претседател;
   - _______________ - член и
   - _______________ - член.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата од точка 1 на ова Решение, да даде предлог за избор на тројца рецензенти од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет, за членови на Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик.
3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата од точка 1 на ова Решение, предлогот од точка 2 на ова Решение да го изврши по случаен избор.
4. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата од точка 1 на ова Решение, предлогот од точка 2 на ова Решение да го достави до директорот на Педагошката служба.
5. Се овластува Комисијата за избор на рецензенти од точка 1 на ова Решение да ги презема сите управни дејствија во постапката согласно Законот за општата управна постапка.
6. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Д И Р Е К Т О Р,**

__________________________

Доставено до:

- Претседател/членови
- Писарница на Министерството

**ПРИЛОГ – Решение за формирање на Комисија за стручно вреднување на учебниците**

Врз основа на член 19 став (3) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), како и Записникот бр.____________ од ___________ година од Комисијата за избор на рецензенти по објавениот Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на _______________ образование бр.________ од _______ година, директорот на Педагошката служба, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

за формирање Комисија за стручно вреднување на учебниците

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за стручно вреднување на учебниците по Јавниот повик бр._______ од ________ година за наставниот предмет ________________ за _________ одделение на деветгодишно основно образование во состав:
   - ______________ - претседател;
   - ______________ - член и
   - ______________ - член.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата од точка 1 на ова Решение, во рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик, да изврши стручно вреднување на учебниците по странски од повикот од точка 1 на оваа Решение, согласно Методологијата за вреднување на учебник и стручното мислење да го достави до директорот на Педагошката служба, а добиената документација да ја врати со записник.
3. Се овластува Комисијата за стручно вреднување од точка 1 на ова Решение да ги презема сите управни дејствија во постапката согласно Законот за општата управна постапка.
4. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ДИРЕКТОР,**

__________________

**ПРИЛОГ – Доставување на учебници до Бирото за развој на образованието**

Бр./ Nr. ___________
Датум / Data ________________

**До: Биро за развој на образованието**
**ул. ,,Руѓер Бошковиќ", бр. 20**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Доставување на учебници по странски јазик**

Врз основа на член 19 став (5) и став (6) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), а согласно Извештајот за работа на комисијата за проверка на доставена документација по доставени барања за одобрување учебник по странски јазик за ______________ одделение/година ______________ образование со бр. __________ од ________________ година, Ви ги доставуваме учебниците по странски јазик за да доставите стручни мислења за следните наставни предмети:

1. ___________________________________**за** _____ **одделение/година** _________ образование;
2. ___________________________________**за** _____ **одделение/година** _________ образование;
3. ___________________________________**за** _____ **одделение/година** _________ образование;
4. ___________________________________**за** _____ **одделение/година** _________

| **Ред.бр** | **Барање за одобрување за учебник** | **Назив на учебникот** | **Странска издавачка куќа** | **Законски застапник на странскиот издавач за РСМ** | **Автори на учебникот** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |

Со почит,

**Директор**

____________________

Подготвил: ________________
Проверил: ________________

Одобрил: _______________

**Прилог:**
Учебници по страски јазик
**Доставено до:**
БРО
Писарница на МОН

**ПРИЛОГ Изјава за согласност за јавно објавување на документи**

Бр. ______________
Датум, ______________

**ДО:** Министерство за образование и наука – Педагошка служба

**ПРЕДМЕТ:** Изјава

Почитувани,

Јас _______________________ со адреса на живеење на ________________ во _______________, во својство на ____________________ на трговското друштво ______________ изјавувам дека сум согласен/на сите документи од поднесеното барање на јавниот повик за одобрување на учебникот по странски јазик - _____________________ за _____ одделение ___________ образование, може јавно да се објават на веб страната на Педагошката служба по завршување на постапката од јавниот повик.

ИЗЈАВИЛ,

_________________________
(име, презиме и потпис)

**ПРИЛОГ – Записник за примопредавање на барања за одобрување учебник по странски јазик**
**Бр./ Nr. 26-340**
**Датум / Data, ---------------**

**ЗАПИСНИК**

за примопредавање на барања за одобрување учебник по странски јазик, согласно Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за одделение/година _________ образование, бр.____________ од ______ година објавен на веб страната на Министерството за образование и наука.

На ден ____________ година на веб страната на Министерството за образование и наука е објавен Јавен повик за доставување барање за одобрување учебник по странски јазик на ______________ образование, за следните наставни предмети:

1. **________________________________за _____ одделение/година _________** образование;
2. **________________________________за _____ одделение/година _________** образование;
3. **________________________________за _____ одделение/година _________** образование;
4. **________________________________за _____ одделение/година _________** образование и
5. **________________________________за _____ одделение/година _________** образование.

| **Ред.бр** | **Барање за одобрување за учебник** | **Назив на учебникот** | **Странска издавачка куќа** | **Законски застапник на странскиот издавач за РСМ** | **Автори на учебникот** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |

**ПРЕДАЛ: Директор на Педагошката служба,**

________________________

**ПРИМИЛ:КОМИСИЈА,**

**-_______________-Претседател**
**-_______________-член**
**-_______________-член**
**-_______________- член и**
**-_______________-член.**

**ПРИЛОГ - Решение за давање на одобрение за употреба на учебник**

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ДАВА ОДОБРЕНИЕ** за употреба на учебникот ______________по наставниот предмет _____________ **за** ______ **одделение/година** на ____ ____________ образование од авторите ______________________________ на издавачот ____________ **од** _______________ преку законскиот застапник ___________________**,** по поднесено барање бр. ___________ од ___________ година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.

3. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден ______________ година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик на _________________________ образование бр.______________ од ___________ година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет _______________ за _____ одделение/година на ________________________ образование поднесоа следните учесници:

1. ______________________________________________________________________________;

2. ______________________________________________________________________________;

3. ______________________________________________________________________________;

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со Решение бр. __________ од __________ година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник пострански јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр._________ од _________ година.

Според поднесениот Извештај бр.________ од ___________ година, Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик по разгледување на сите доставени барања констатирала дека

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
________

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во второстепен.

Директор на Педагошка служба,

______________________

Доставено до:
- Писарница на министерството

- Подносители на барања

**ПРИЛОГ – Записник за разгледување на списи**

ЗАПИСНИК

од разгледување на списи по Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за ____ одделение/година _______ образование бр.__________ од __________ година

Согласно доставеното барање по електронска адреса бр.__________ од __________ година од страна на _________________________, на ден ______________ година во просториите на Министерството за образование и наука со почеток во ________ часот беше спроведено разгледување на списите по Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за ______ одделение/година _ _____________ образование бр._________ од _________ година.

За разгледување на списите беа присутни претставниците од _________________________, ______________: ____________ која се евидентираше со лична карта бр.___________.

Покрај претстставниците од __________________________присутни беа и претставници на Педагошката служба __________________, _________________________ и ________________.

По идентификувањето на претставниците од ____________________________, од нивна страна беше побарано да биде дадено на разгледување барањето со комплетната документација од учесникот во постапката чиј учебник бил одобрен како учебникот.

Од страна на Претставниците од ___________________________ се пристапи кон разгледување на одобрениот учебник, Извештајот од Комисијата за проверка на доставената документација, мислењето од Бирото за развој на образованието, мислењето од Рецензентска комисии како и индивидуалните и финалните обрасци од членовите на Рецензентската комисија од одобрените учебници и за истите беше доставен препис (фотокопија) од побараните документи освен за одобрениот учебник.

По разгледување на сите списи и доставување на препис (фотокопија) од побараните документи, разгледувањето заврши во __________ часот.

ПРИСУТНИ:

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________